Работна верзија

на

# *ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР*

***Скопје, 15.10.2009 год***

**Предлог на Закон за инспекциски надзор**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот
### Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, постапката за вршење на инспекциски надзор, правата, должностите и овластувања на инспекторите, инспекциските мерки и други работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор.
(2) Според овој закон се должни да постапуваат инспекторите во инспекциските служби кои се организирани како органи во состав на министерствата(во натамошниот текст:инспекторати), или како организациони единици во рамките на органите на државната управа, организации и други државни органи, како и овластените инспектори во рамките на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

### Значење на поимите употребени во овој закон
### Член 2

Одделни поими во овој закон го имаат следново значење:

**ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР** е надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на законите од страна на државните органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, трговските друштва, установите и правните и физичките лица над кои се врши надзор.

**ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА** во смисла на овој закон е специфичен вид на постапка уредена со овој закон, со Законот за општата управна постапка („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.38/05 и 110/08) или со друг посебен закон која го регулира постапувањето на инспекторите при вршењето на инспекцискиот надзор.

**ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ** во смисла на овој закон, претставуваат сите акти и дејствија преку кои се изразуваат и извршуваат надлежностите на инспекторите регулирани со посебен закон.

**ИНСПЕКЦИСКИ АКТИ** во смисла на овој закон се сите оние акти и дејствија кои што инспекторите ги донесуваат и преземаат во инспекциската постапка.

**ИНСПЕКТОРИ** во смисла на овој закон се службени лица со посебни овластувања и одговорности утврдени со закон кои вршат инспекциски надзор.

**СУБЈЕКТ НА НАДЗОРОТ** во смисла на овој закон се државните органи, единици на локална самоуправа, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, правните и физичките лица над кои се врши надзор.

**ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ** во смисла на овој закон се управните или мерките предвидени со посебен закон кои ги изрекуваат инспекторите при инспекцискиот надзор заради отстранување на утврдените недостатоци.

**Супсидијарна примена на законот**
**Член 3**

(1) За инспекциските надзори за кои со закон е пропишана посебна постапка, се постапува според одредбите на тој закон.
(2) Според одредбите на овој закон се постапува по сите прашања за инспекциски надзор кои не се уредени со посебен закон.
(3) Во постапката на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

**Начело на законитост**
**Член 4**

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите се должни да постапуваат согласно со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и другите прописи донесени врз основа на закон.

**Заштита на правата на субјектите на надзорот и заштита на јавниот интерес**
**Член 5**

(1) Инспекторите при вршењето на инспекцискиот надзор должни се да ги почитуваат со закон загарантираните права и интереси на субјектите на надзорот.
(2) Во вршењето на инспекциски надзор, инспекторите се должни на субјектите да им овозможат што полесно да ги остварат своите права, притоа водејќи сметка остварувањето на нивните права да не биде на штета на јавниот интерес и интересот на трети лица.

**Начело на еднаквост, непристрасност и објективност**
**Член 6**

Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи.

**Начело на ефикасност и економичност**
**Член 7**

Инспекторите се должни инспекцискиот надзор да го вршат ефикасно и економично.

**Начело на материјална вистина**
**Член 8**

Во постапката на инспекциски надзор мора да се утврди фактичката состојба на работите и за таа цел мора да се утврдат сите факти и околности кои се од важност за утврдувањето на состојбите во поглед на примената на законите и подзаконските акти од страна на субјектите.

**Начело на сослушување на субјектите на надзорот**
**Член 9**

Пред преземањето на инспекциските мерки за отстранување на недостатоците во субјектите, инспекторите се должни да им дадат можност на субјектите на надзорот да се изјаснат за фактите и околностите кои се утврдуваат при инспекцискиот надзор.

**Начело на одговорност**
**Член 10**

Инспекторите се одговорни за стручното и совесното извршување на инспекцискиот надзор и одговараат за штетата предизвикана со преземање на незаконито дејствие или незаконито одбивање да се преземе соодветно дејствие.

**Начело на самостојност**
**Член 11**

Инспекторите работите на инспекцискиот надзор ги вршат самостојно, во рамките на своите овластувања утврдени со закон.

**Начело на јавност**
**Член 12**

(1) Инспекторатите и инспекциските служби во рамките на своите овластувања утврдени со закон ја информираат јавноста за својата работа.

(2) Инспекторатите и инспекциските служби се должни да ја информираат јавноста за утврдените состојби кај субјектите при вршење на инспекцискиот надзор и преземените инспекциски мерки доколку тоа е потребно заради заштита на правата на правните и физичките лица или на јавниот интерес, како и доколку тоа е потребно за спроведување на изречените инспекциски мерки за отстранување на недостатоците.

**Начело на пропорционалност**
**Член 13**

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите ги преземаат само оние инспекциски мерки согласно овој или друг закон, кои се неопходни за успешно извршување на инспекцискиот надзор,и за отстранување на утврдените недостатоци. при што се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектите.
(2) При определувањето на рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекторот се раководи според тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот да ги отстрани недостатоците.

## III. ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ

**Организација на инспекциските служби**
**Член 14**

(1) Инспекторите работите на инспекцискиот надзор ги вршат во рамките на инспекциските служби, кои се формирани за одделни управни подрачја.
(2) Инспекциските служби се организираат како органи во состав на министерствата со својство на правно лице(во натамошниот текст:инспекторати), или како организациони единици во рамките на органите на државната управа, организациите утврдени со закон или другите државни органи, или во рамките на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

**Раководење на инспекциските служби**
**Член 15**

(1) Со инспекторат раководи директор на инспекторатот (во натамошниот текст: директор), кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.
(2) Со организационата единица, организирана како инспекциска служба во рамките на органите на државната управа, организациите утврдени со закон или другите државни органи, или во рамките на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје раководи раководен државен службеник чие звање одговара на организационата форма на инспекциската служба утврдена со закон.

**Права и должности на функционерот кој раководи со инспекторатот**
**Член 16**

(1) Директорот раководи и го претставува инспекторатот, ја организира и координира работата на инспекторатот и одговара за законитоста и ефикасноста на работата на инспекторатот пред Владата на Република Македонија и пред министерот, односно функционерот кој раководи со органот во чиј состав е инспекторатот.
(3) Инспекторите ги назначува(распоредува) директорот на инспекторатот односно Функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот.
(2) Директорот донесува годишна програма за работа на инспекторатот и подготвува месечни планови за работа на инспекторатот..
(3) Директорот врши распоредување на предметите на инспекторите, во согласност со прописите за канцелариско и архивско работење.
(4)Директорот доставува годишен извештај за работата на инспекторатот во претходната година до Владата на Република Македонија на усвојување, најдоцна до крајот на јануари во тековната година. Директорот годишниот извештај го доставува и до Инспекцискиот совет.
(5) Годишниот извештај од став (4) на овој член содржи податоци за бројот на извршени надзори, бројот на пријавите за вршење на инспекциски надзор, бројот и видот на преземени инспекциски мерки како и други податоци кои се од значење за реализацијата на годишната програма за работа на инспекторатот.
(6) Ако инспекциската служба е организирана како организациона единица во рамките на министерствата или другите државни органи, или во рамките на општините, градот Скопје и во општините во градот Скопје, работите кои ги врши директорот од ставовите (1) и (3) на овој член соодветно се однесуваат и за раководителот на организационата единица.
(7)Функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот ја донесува годишната програма за работа на организационата единица, организирана како инспекциска служба.
(8) Раководителот на организационата единица од став (6) на овој член, доставува до функционерот кој раководи со министерството или друг државен орган, односно до градоначалникот, пред кој и одговара за својата работа, годишен извештај, кој ги содржи податоците од став (5) на овој член, за извршениот инспекциски надзор соодветно за организационата единица.
(9) Директорот на инспекторатот односно функционерот кој раководи со државен орган донесува Годишна програма и месечни оперативни планови за работа на инспекциската служба.
(10) Директорот на инспекторатот односно Функционерот кој раководи со државен орган подготвува годишен извештај за работа на инспекциската служба во претходната година и го поднесува до Владата на Република Македонија најдоцна до крајот на јануари во тековната година.

## Инспекциски совет
## Член 17

(1) Заради непосредно спроведување на политиките на Владата и за меѓусебна координација и поголема ефикасност на инспекциските служби се формира Инспекциски совет како постојано меѓуресорско тело кое го раководи министерот за правда или лице овластено од него.
(2) Членови на Инспекцискиот совет се директорите на инспекторатите и функционерот на органот односно организацијата која во својот состав има организациона единица со инспекциски надлежности.
(3) За одредени прашања од своја надлежност, а во врска со состојбите во општините, градот Скопје и во општините во градот Скопје, Инспекцискиот совет може во својата работа да вклучи и претставниции од соодветната инспекциска служба во општините, градот Скопје и во општините во градот Скопје.
(4) Делокругот на работа на Инспекцискиот совет е координирање на работата на инспекциските служби, разгледување на прашања во врска со работењето на инспекциските служби, грижа за стручното оспособување и усовршување на инспекторите, изготвување на мислења за законите и другите прописи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, соработува со организационите облици во рамките на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, информирање на јавноста за инспекциските мерки кои ги преземаат инспекторите.
(5) Инспекицскиот совет за својата работа донесува деловник.
(6) Инспекцискиот совет за својата работа ја известува Владата на Република Македонија најмалку еднаш месечно.
(7) Административно -стручните работи за Инспекцискиот совет ги врши Државен управен инспекторат.

## Инспекциска статистика
## Член 18

Инспекциските служби за вршењето на инспекцискиот надзор задолжително водат посебна евиденција за податоците што се однесуваат на инспекцискиот надзор(во натамошниот текст: инспекциска статистика).
Инспекциските служби за податоците кои се однесуваат на инспекциската статистика се должни да достават извештаи на секои шест месеци до Инспекцискиот совет.
Министерот за правда ја пропишува содржината, начинот и формата на водење на инспекциска статистика, како и содржината на извештаите од ставот (2) на овој член.

# IV. ПОЛОЖБА НА ИНСПЕКТОРИТЕ

## Услови за вршење на должноста инспектор
## Член 19

(1) Инспектор може да биде лице кое ги исполнува општите и посебните услови утврдени во  Законот за државните службеници и да има положено стручен испит за инспектор.
(2) Инспектор може да биде и лице чии што права и работни задачи произлегуваат од посебен закон.
(3) По исклучок, од став (1) на овој член, инспектор може да биде лице кое нема положено стручен испит за инспектор, доколку тој испит го положи најдоцна во рок од две години од денот кога почнало да работи како инспектор.
(4) Инспекторот од став (3) на овој член, кој нема положено стручен испит може да извршува само административно - стручни работи (на пр. подготовка на анализи, информации, собирање и обработка на статистички податоци, изготвување на планови за работа, програми и сл.) на подрачјето на инспекцискиот надзор.
(5) Инспекторот има право и должност  стручно да се оспособува за извршување на своите работи и задачи во согласност со Годишната програма за специјализирана обука во областа на инспекцискиот надзор, која ја донесува директорот, односно функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот.
(6) Програмата од став (4) на овој член директорот, односно функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот ја донесува најдоцна до 31.12 во тековната година, а за наредната година.
(7) Инспекторот има право на зголемен износ на плата во однос на платата определена во Законот за државни службеници.

**Статус на инспекторот**
**Член 20**

(1) Инспекторот може да биде со статус:
- помлад инспектор;
-инспектор;
-виш инспектор; и
-главен инспектор.
(2) Помлад инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за статусот виш соработник од Законот за државни службеници и има положено стручен испит.
(3) Инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за статусот советник  од Законот за државни службеници и има положено стручен испит.
(3) Виш инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за статусот раководител на одделение  од Законот за државни службеници и има положено стручен испит.
(4) Главен инспектор може да биде државен службеник кој ги исполнува условите за статусот раководител на сектор од Законот за државни службеници и има положено стручен испит.
(3) Од полагање стручен испит се ослободени инспекторите кои имаат положено испит за државен службеник соодветен на статусот од член 20 став 1 на овој закон и имаат седум години работно искуство на работно место со инспекциски надлежности.

**Стручен испит за инспектор**
**Член 21**

(1) Стручниот испит за инспекторот е составен од областа на:
- управната постапка и управниот спор;
- прекршочната постапка;
- постапката на инспекцискиот надзор и
-материјални закони од негова надлежност.

(2)Содржината на програмата за стручниот испит за инспектор, начинот на пријавување и полагање и другите прашања поврзани со стручниот испит за инспектор ги пропишува министерот за правда.

**Испитна комисија**
**Член 22**

(1) Стручниот испит за инспектор се спроведува пред испитна комисија, која се состои од претседател и 3 члена. Членовите на испитната комисија ги определува министерот за правда, од редот на експерти од соодветната област од член 19 став (1) од овој закон, од кои најмалку еден е од органот каде што кандидатот е вработен.
(2) Кандидатот може да полага стручен испит за инспектор на трошок на органот најмногу два пати, при што како полагање се смета полагањето на испитот во целост
(3)Се смета дека лицето има положено стручен испит за инспектор доколку има положено правосуден испит.

**Последици за не полагање на стручниот испит**
**Член 23**

(1) Ако инспекторот од член 22 став (2) од овој закон, кој во утврдениот рок не го положил стручниот испит за инспектор му престанува работниот однос.
(2) На инспекторот од став (1) на овој член, не му престанува работниот однос доколку е отсутен од работа поради болест или други оправдани причини подолго од еден месец, во времето кога требало да го полага стручниот испит.
(3) На инспекторот кој поради причините од став (2) на овој член не го положил стручниот испит, или пак му останало само еден дел од испитот, може да му се продолжи рокот за полагање најмногу до два месеци, за што одлучува директорот, односно раководителот на организационата единица.

**Евиденција за полагање на стручниот испит**
**Член 24**

(1) Министерството за правда води евиденција за бројот на пријавите за стручен испит за инспектор и за бројот на положените стручни испити за инспектор.
(2) Во евиденцијата од став (1) на овој член се содржат и податоци за:

- име и презиме на кандидатот;
- адреса на живеалиштето на кандидатот;
- стручен назив;
- назив на органот каде кандидатот е вработен.

(3) Податоците од евиденцијата од ставовите (1) и (2) на овој член се користат за издавање на документи за положен стручен испит за инспектор.

(4) Податоците за кандидатите кои го положиле стручниот испит се доставуваат до Агенцијата за државни службеници.

**Прераспоредување на инспектор**
**Член 25**

Инспекторот не може без негова согласност да биде распореден на друго работно место, во истиот или во друг орган кое нема инспекциски овластувања и одговорности.

**Судир на интереси**
**Член 26**

(1)Инспекторот не може да извршува работа за друг работодавец над чија работа врши инспекциски надзор, освен ако се работи за научна или образовна дејност.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, инспекторот може по претходна согласност од директорот, функционерот на органот или градоначалникот на општината да работи или да дава услуги на физичко или правно лице само доколку не врши надзор над работата на тие физички или правни лица, доколку таквата дополнителна работа не е во спротивност со посебен закон, не претставува судир на интереси не претставува пречка за успешно вршење на работата инспектор и не штети на угледот на службата.

**Чување на тајноста на податоците**
**Член 27**

(1) Инспекторот мора да ја штити тајноста на доверливите податоци со кои се запознава при инспекцискиот надзор. Должноста за заштита на тајноста на податоците трае дури и по престанување на работниот однос.

(2) Инспекторот е должен да ја штити тајноста на подносителот на пријавата и изворите на други информации, врз основа на кои врши инспекциски надзор.

## V. ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ИНСПЕКТОРИТЕ (ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА)

### Видови на инспекциски надзор
### Член 28

(1)Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор;
- вонреден инспекциски надзор; и
- контролен инспекциски надзор.

(2) Редовниот инспекциски надзор опфаќа надзор над спроведувањето на законите и прописите донесени врз основа на законите.
(3) Вонредниот инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност).
(4) Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:
-постапила по решението во целост;
-делумно постапил по решението; или
-не постапил по решението.

### Овластувања на инспекторот
### Член 29

(1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен да:
1) проверува општи и поединечни акти, фајлови, документи, докази и информации во обем според предметот на инспекцискиот надзор, како и да побара од контролираниот субјект или неговите вработени да подготват потребни копии и документи изработени на странски јазик да бидат преведени на македонски јазик и заверени од судски преведувач;
2) врши надзор во деловните простории и други простории кои не се користат како живеалиште, над превозни средства и производи;
3) проверува идентификациони документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет;
4) бара од контролираниот субјект или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на инспекцискиот надзор;
5) бара од контролираниот субјект или неговите вработени да ги достават податоците за нивните добавувачи со кои располагаат;
6) бара стручно мислење кога е тоа потребно за инспекцискиот надзор;
7) зема примероци без надомест за натамошни тестови или проверки во случаи определени со закон или друг пропис;
8) ги контролира активностите на контролираниот субјект при продажба на производи или давање услуги;
9) обезбеди звучни и видео записи кои можат да бидат искористени во инспекцискиот надзор;
10) врши попис на затекнатите стоки во деловниот објект и

11) обезбеди други потребни докази.
(2) Доколку е оправдано потребно да се одземат или привремено да се чуваат производите, досиејата или документите, инспекторот може:
1) да побара од контролираниот субјект или од лице вработено кај истото што има овластување за тоа, да отвори и дозволи пристап во која било просторија, затворен сад, машина или средства;
2) да побара од кое било лице кое има овластување за тоа, да декодира код или машина со цел да се отклучи, ослободи или на друг начин да обезбеди пристап до кое било досие (вклучително и компјутерско досие), простории, затворен сад или машина.
(3) Идентичноста на копијата со оригиналот на фајловите, документите, доказите и информациите ја потврдува контролираниот субјект со свој печат и потпис или неговиот вработен со потпис.
(4) Ако во вршењето на инспекцискиот надзорот инспекторот утврди недостатоци за чие отстранување не е надлежен, записнички ги констатира и го известува надлежниот орган.
(5) Инспекторот по извршениот инспекциски надзор може да се консултира со субјектот за поефикасно отстранување на утврдените недостатоци.

**Известување за надзор**
**Член 30**

За почетокот на вршење на инспекцискиот надзорот инспекторот ќе го извести субјектот, освен ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот.

**Записник**
**Член 31**

(1) За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник.
(2) Во записникот се внесува: назив на инспекциската служба која го врши надзорот, местото, денот и часот кога се врши надзорот, предметот на надзорот, имињата на инспекторите, на присутните лица и нивните застапници и полномошници.
(3) Записникот треба да содржи приказ на утврдената фактичка состојба при инспекцискиот надзор.

**Должности на субјектите на надзорот**
**Член 32**

(1) Контролираниот субјект е должен да соработува и на барање на инспекторот да му овозможи непречен пристап до просториите, документите, електронските системи, средствата за комуникација или транспорт или кое било друго средство предмет на инспекциски надзор, како и да ја достави целокупната документација потребна за извршување на инспекцискиот надзор.
(2) Ако субјектот на инспекторот не му овозможи во определениот рок пристап до просториите, прозиводите, документите или кое било друго

средство кое е предмет на инспекцискиот надзор, ќе се смета дека се попречува надзорот.
(3) Субјектот кај кој се врши инспекцискиот надзор е должен на барање на инспекторот да го прекине работењето за време на инспекцискиот надзор, доколку инспекторот на друг начин не може да го изврши надзорот и да ја утврди фактичката состојба.
(4) Инспекторот може од субјектот да побара да изврши некоја активност во инспекциската постапка поради целосно утврдување на фактичката состојба и да определи рок за извршување на таа активност.
(5) Субјектот е должен на писмено барање на инспекторот, во рок определен со барањето, на инспекторот да му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор.

**Известување на надлежниот орган**
**Член 33**

(1) Ако во вршењето на инспекцискиот надзорот инспекторот утврди недостатоци за чие отстранување не е надлежен, записнички ги констатира и го известува надлежниот орган.
(2) Инспекторот по извршениот инспекциски надзор може да се консултира со субјектот за поефикасно отстранување на утврдените недостатоци.

**Пријава за вршење на надзор**
**Член 34**

Инспекторот е должен да ги разгледа пријавите од правните и физичките лица кои се однесуваат на вршење на надзор од негова надлежност, а за преземените мерки е должен да го извести подносителот.

**Решение**
**Член 35**

(1) Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека е повреден закон или друг пропис, со записник ги констатира утврдените неправилности и со решение го определува рокот во кој недостатокот треба да се отстрани.
(2) Ако со закон е предвидено дека за утврдената неправилност може да се определи инспекциска мерка, инспекторот е должен со решението да ја определи таа мерка.
(3) Инспекторот решението од ставовите (1) и (2) на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот, ако со посебен пропис не е определен пократок рок.
(4) Ако при инспекцискиот надзор не се утврдени недостатоци или утврдените недостатоци се отстранети во текот на инспекцискиот надзор, односно до донесувањето на решението од став (3) на овој член, инспекторот за тоа задолжително донесува заклучок за прекинување на постапката.

(5) Против заклучокот од став 4 на овој член незадоволната странка има право на жалба или друго вид правна заштита.

**Жалба**
**Член 36**

(1) Против решението на инспекторот може да се изјави жалба,во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со посебен пропис не е предвиден пократок рок.
(2) По жалба против решение на инспектор од инспекторат решава комисија составена од 3 члена формирана од функционерот на органот во чиј состав работи инспекторатот (министер) освен ако со посебните прописи поинаку не е определено.
(3) По жалба против решение на инспектор од инспекциска служба формирана како организациона единица во рамките на орган на државната управа, организација и друг државен орган решава функционерот на органот во кој се наоѓа инспекциската служба, освен ако со посебните прописи поинаку не е определено.
(4) Против решение на инспектор од единиците на локалната самоуправа решава градоначалникот освен ако со посебните прописи поинаку не е определено.
(5) Жалбата од став (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението, освен ако со освен ако со посебните прописи поинаку не е определено.

**Извршување на непарична обврска**
**Член 37**

(1) Извршното решение чиј предмет е непарична обврска и кое спрема природата на обврската може да се изврши со примена на принудни мерки, ќе се изврши со принуда без претходно да бидат применети принудните мерки од член 286 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05 и 110/08)
(2) Ако решението не може да се изврши во смисла на став (1) од овој член, инспекторот ќе го принуди извршеникот на исполнување на обврските преку изрекување на глоба.
(3) Глобата од став (2) на овој член која се изрекува прв пат ќе се изрече во износ од 500 евра во денарска против вредност за физичко лице, односно 2000 евра во денарска противвредност за правно лице.
(4) Секоја глоба која се изрекува подоцна ќе биде во ист износ.

**Итно извршување на решението**
**Член 38**

(1)Инспекторот ќе донесе решение и веднаш а најдоцна во рок од 48 часа ќе нареди негово извршување кога ќе утврди дека субјектите на надзорот, дејноста, односно должноста ја вршат спротивно на изречената правосилна и извршна санкција забрана на вршење на дејност или должност, донесена од страна на надлежен орган или надлежен суд, ако со посебните прописи поинаку не е уредено.

(2) Жалбата изјавена против решението од став (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.
(3) Во извршувањето на решението од ставовите (1) и (2) на овој член, инспекторот со запечатување или на друг погоден начин ќе ги затвори просториите во кои се врши дејноста, односно должноста, а може до конечната одлука на надлежниот орган, односно правосилната одлука на надлежниот суд, да ја одземе опремата, машините, средствата за работа и превозните средства со кои се врши дејноста, односно должноста .

**Барање за поведување на прекршочна односно кривична постапка**
**Член 39**

(1) Ако во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека субјектот не се придржува на законите и другите прописи и покрај определувањето на рок во кој неправилностите требало да се отстранат, и со тоа сторил кривично дело или прекршок, со решението без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од денот на завршување на надзорот поведува односно поднесува барање за поведување на прекршочна односно кривична постапка.
(2) Ако инспекторот утврди дека постои основано сомневање дека во стан или во други простории, локации и транспортни средства се врши определена дејност, односно должност без одобрение на надлежниот орган, инспекторот без одлагање ќе побара од надлежниот суд по итна постапка да издаде писмен налог за претрес на станот или другите простории и за заплена на средства, предмети и документација кои служат за вршење на дејноста, односно должноста, ако со посебен пропис поинаку не е определено.
(3) Инспекторот нема да поднесе барање за поведување на прекршочна односно кривична постапка, доколку утврдените неправилности се отстранети во текот на инспекцискиот надзор или најдоцна во рок од осум дена од денот на завршување на надзорот, под услов пропишаната глоба за правно лице да не е повисока од 300 евра во денарска противвредност, а за физичко лице да не е повисока од 100 евра во денарска противвредност, ако со посебните прописи поинаку не е определено.

**Одземање на имотна корист стекната од прекршок односно кривично дело**
**Член 40**

(1) Ако со закон за одредени прекршоци или кривични дела е предвидено одземање на стекнатата корист, инспекторот во записникот го констатира износот на таа корист.
(2) Инспекторот во барањето за поведување на прекршочна односно кривичната постапка, предложува одземање на стекнатата корист од став (1) на овој член.

**Евиденција**
**Член 41**

(1) За извршените инспекциски надзори и преземените инспекциски мерки инспекторот води евиденција.
(2) Формата, содржина, и начин на водење на евиденцијата од став (1) на овој член ја пропишува директорот на инспекторатот, а за евиденцијата која ја води инспекторот од организационата единица организирана како инспекциска служба, ја пропишува функционерот кој раководи со државниот орган, односно градоначалникот.

**Службена легитимација**
**Член 42**

(1) Инспекторот има службена легитимација со која го докажува своето својство, идентитет и овластувања.
(2) Формата и содржината на обрасците на легитимацијата, изгледот на знакот ги пропишува директорот на инспекторатот, а за инспекторот од организационата единица организирана како инспекциска служба ги пропишува функционерот кој раководи со државниот орган, односно градоначалникот .

## VI. ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ

**Инспекциски мерки**
**Член 43**

(1) Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор констатира дека е повреден закон или друг пропис, чие извршување го контрлира има право и должност:
- да одреди управни или други мерки за отстранување на неправилностите во рок кој согласно закон самиот ќе го определи;
- да спроведе прекршочна;
- да поднесе барање за поведување на прекршочна односно кривична постапка до надлежниот орган односно суд;
- да определи други мерки за кои е овластен со закон.

**Превентивни мерки**
**Член 44**

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите ги преземаат следните превентивни мерки:
- одговараат на прашања на поединци и институции кои се однесуваат на работењето на инспекциската служба;
- ја информираат јавноста за утврдените неправилности при вршењето на надзор како и за последиците од непридржувањето на законите и другите прописи;

(2) Ако инспекторот при инспекцискиот надзор утврди неправилности и оцени дека предупредувањето претставува доволна мерка, најпрвин

само усно предупредува на неправилностите и нивните последици и го одредува рокот за нивно отстранување.
(3) Инспекторот во записникот ги наведува своите констатации, изреченото предупредување како и рокот за отстранување на неправилностите . Ако неправилностите не се отстранети во определениот рок инспекторот определува инспекциски мерки согласно законот, доколку со посебните прописи поинаку не е определено.

## Забрана за вршење на дејјност
## Член 45

(1) Ако субјектот на надзорот во рокот определен од инспекторот, не ги отстрани утврдените неправилности, инспекторот може со решение, доколку тоа е потребно да го забрани вршењето на дејноста или должноста, односно да ги одземе предметите или документацијата, кои субјектот ги користи за кршење на законот, или пак се резултат на повредување на законот.
(2) Инспекторот може со решение да го забрани вршењето на дејноста, или должноста, односно да ги одземе предметите или документацијата, кои субјектот ги користи за повредување на законот, или пак се резултата на повредување на законот, без претходно да определи рок за отстранување на неправилностите, ако тоа е неопходно за да се отстрани некоја непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или животните, или за да се спречи предизвикување на штета во животната средина или на имотот.

## Запечатување на деловни и производни простории, објекти и средства за работа
## Член 46

(1) Инспекторот кој во согласност со член 48 ставовите (1) и (2) од овој закон, забранува вршење на дејност, или должност има право да определи запечатување на деловните или производните простории, објекти или други простории во кои се врши дејноста, или должноста, или да изврши запечатување на средствата за работа, апарати, и опрема со која се врши дејноста, односно должноста, доколку со посебните прописи поинаку не е определено. Решението му се врачува на субјектот во рок од осум дена од денот на запечатување.
(2) Во случај субјектот да не го почитува решението за забрана за вршење на дејноста, или должност, ако тоа е неопходно за да се отстрани некоја непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или животните, или за да се спречи предизвикување на штета во животната средина или на имотот, инспекторот може со решение да им наложи на субјектите  кои се надлежни за дистрибуција на електрична енергија, гас, вода како и телекомуникациски врски, на субјектот над кој е извршен надзорот да прекинат да му ги доставуваат наведените услуги.
(3) Мерката од став (2) на овој член мора да биде изречена на начин кој нема да предизвикува штета над средствата за работа или производите на субјектот.

(4) Во образложението на решението од став (1) на овој член мора да биде содржано предупредување дека во случај на не почитување на решението ќе бидат преземени мерките од став (2) на овој член.
(5) Во случај кога инспекторот ќе утврди неправилности во работењето на субјектот, физичките лица кои самостојно вршат дејност и правните лица не смеат да соработуваат со субјектот, доколку тоа би претставувало продолжување на непочитувањето на прописите, доколку истите се запознаени со определената инспекциска мерка или со оглед на околностите би морале да знаат.

**Заштита на правата и правните интереси на трети лица**
**Член 47**

(1) Ако инспекторот при вршење на работите на инспекцискиот надзор утврди дека субјектот повредил закон или друг пропис, со која се задира во со закон загарантираните права или интереси на правни или физички лица, должен е на нивно барање да ги запознае со утврдените состојби, изречените инспекциски мерки и другите податоци кои се од значење за заштита на нивните права и интереси.
(2) Ако инспекторот смета дека има потеба заради заштита на со закон загарантираните права или интереси на правни или физички лица , може со решението да определи утврдените состојби, изречените инспекциски мерки и другите податоци кои се од значење за заштита на нивните права и интереси да се објават на видно место во деловните простории на субјектот, на влезот на тие простории, во средствата за јавно информирање или на друг начин.
(3) Трошоците за објавата од став (2) на овој член ги сноси субјектот.

## VII. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ

**Одговорност за настаната штета**
**Член 48**

(1) Република Македонија, односно единиците на локаната самоуправа одговараат за штетата која му била предизвикана на физичкото или правното лице над кое се врши надзорот со противправно дејствие или со не преземање на дејствија од страна на инспекторот, при извршување на задачите на инспекциски надзор.
(2) Доколку штетата од ставот 1 на овој член е предизвикана намерно или од тешка небрежност на инспекторот, тогаш Република Македонија, односно единиците на локалната самоуправа имаат право да бараат надомест за така предизвиканата штета од инспекторот.
(3)Физичкото или правното лице над кое се врши надзорот има право да бара надоместок на штета непосредно од инспекторот само доколку истата е предизвикана со сторување на кривично дело.

## Глава VII

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршочна одговорност за физички и правни лица
### Член 49

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за:

- Не доставување или не подготвување во рок определен на инспекторот на точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор спротивно на член 30 став (5) од овој закон;
- Попречување или оневозможување на влезот на инспекторот во објектите, просториите или средствата за работа спротивно на член 30 став(2) од овој закон;
- Оневозможување на инспекторот непречено вршење на надзорот спротивно на член 30 став (1) на овој закон,
- Непочитување на изречените мерки од инспекторот спротивно на член 39 став 2 од овој закон;
- Не објавување на решенијата на инспекторот, спротивно на членот 50 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 1000 евра за сторен прекршок ќе му се изрече и на одговорното лице на правното лице, за сторените прекршоци од став 1 на овој член.

Глоба во износ од 1000 евра за сторен прекршок ќе му се изрече на физичко лице, за сторените прекршоци од став 1 на овој член.

Глоба за сторен прекршок од став 1 на овој член може да се изрече и повеќе пати еднополдруго.

### Прекршочна одговорност за пријавувачот
### Член 50

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое на инспекцијата ќе и поднесе лажна пријава.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

(1) Директорите, односно раководителите на инспекциските служби се должни да овозможат полагање на стручен испит за инспектор најдоцна во рок од една година од денот на донесувањето на овој закон.
(2) Инспекторот кој не го положил стручниот испит мора да го положи истиот во рок од една година од донесувањето на овој закон, односно од создавањето на услови за полагање на стручниот испит.
(3) На инспекторот кој нема да го положи стручниот испит во рокот определен во ставот 2 на овој член му престанува работниот однос во согласност со член 20 од овој закон.

**Конституирање на инспекцискиот совет**
**Член 52**

Инспекцискиот совет се конституира во рок од два месеци од денот влегување во сила на овој закон.

**Примена на законот**
**Член 53**

Инспекциските постапки кои започнале пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според прописите кои важеле пред неговото влегување во сила.

**Усогласување на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места**
**Член 54**

Органите од член 14 став 2 од овој закон актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места да ги усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот неговото влегување во сила.

**Член 55**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Рапублика Македонија“.